1830
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУ
НА СОЦИЈАЛИСТ

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1128

Петок, 30 јули 1976

БЕЛГРАД

БРОЈ 34 ГОД. XXXII

Цена на овој број е 16 динари. — Претплатата за 1976 година изнесува 420 динари. — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт фах 226 — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-6711 Телекс 11756

524.

Врз основа на член 65 став 2 од Законот за банките и за кредитното и банкарското работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/71, 71/72, 40/73 и 59/73), Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА
ЗА ИЗМЕНА НА УРЕДБАТА ЗА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ДАВАЊЕ ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТИ

Член 1

Во Уредбата за општите услови за давање потрошувачки кредити („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/75, 36/75 и 21/76) во член 7 став 1 точка 2 одредба под д) бројот: „1/2" се заменува со бројот: „3/4".

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 603
22 јули 1976 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Бериславе Шефер**, с. р.

525.

Врз основа на член 10 од Законот за измени и дополненија на Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/76), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ ЗА ЗАКОНОДАВНИ И ПРАВНИ РАБОТИ И ЗА ПОЧЕТОКОТ НА РАБОТАТА НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО

1. Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за законодавни и правни работи престанува да работи на 1 август 1976 година.

2. Сојузниот комитет за законодавство ќе почне да работи на 1 август 1976 година.

3 Оваа одлука влегува во сила на 1 август 1976 година.

Е. п бр. 614
29 јули 1976 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Бериславе Шефер**, с. р.

526.

Врз основа на член 3 од Законот за единствената класификација на дејностите („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/76), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ЕДИНСТВЕНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИТЕ

1. Со оваа одлука се утврдува Единствената класификација на дејностите со стандардните називи и шифри на областите, гранките, групите и подгрупите на стопанските и општествените дејности.

Единствената класификација на дејностите е отпечатена кон оваа одлука и е нејзин составен дел, а Листата на скратените називи за механографска обработка и публикација е составен дел на Единствената класификација на дејностите и е отпечатена во посебно издание на Сојузниот завод за статистика

2. Измени и дополненија на Единствената класификација на дејностите, по правило, можат да се вршат до 1 септември тековната година, а влегуваат во сила на 1 јануари наредната година.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Правилникот за распоредување на корисниците на општествен имот според нивните дејности („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/62 и 12/63 и „Службен лист на СФРЈ" бр. 26/64, 50/64, 11/65 и 33/65).

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 608
10 јуни 1976 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Бериславе Шефер**, с. р.

ЕДИНСТВЕНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИТЕ

Гранка	Група	Подгрупа	Назив и опис на дејноста
1	2	3	4
ОБЛАСТ 01 — ИНДУСТРИЈА И РУДАРСТВО			
0101	01010		**Електростопанство**
		010101	Производство на хидроелектрична енергија
		010102	Производство на термоелектрична енергија
		010103	Производство на нуклеарно-електрична енергија

1	2	3	4
		010104	Пренос на електрична енергија
		010105	Дистрибуција на електрична енергија
			Производство на електрична енергија во јавни и индустриски електрани, како и пренос и дистрибуција на електрична енергија.
0102	01020		**Производство на јаглен**
		010201	Производство на камен јаглен
		010202	Производство на мрк јаглен
		010203	Производство и сушење на лигнит
			Производство на камен и мрк јаглен и лигнит (вклучувајќи и тресет) и нивна сепарација, сушење и брикетирање.
			Рударските инвестициони работи (експлоатациони окна, ходници, откривки и сл.) се распоредуваат во гранката 0502 „Нискоградба и хидроградба". Геолошко-рударските истражувања и истражните работи (истражни дупчења, истражни ходници и др.) се распоредуваат во гранката 1105 „Геолошки истражувања".
0103	01030		**Преработка на јаглен**
		010301	Производство на кокс и полукокс
			Производство на кокс, полукокс, гас и катран во коксарници.
		010302	Производство на карбогас во гасификациите
			Производство на карбогас (термички) во гасификациите. Градските гасарници се распоредуваат го гранката 1003 „Комунални дејности".
			Производите на дестилација на катран се распоредуваат во подгрупата 011810 „Производство на хемикалии".
0104			**Производство на нафта и земен гас**
	01041	010410	Производство на сурова нафта
			Производството на сурова нафта опфаќа и сепарација, разбивање емулзии, таложење тиња и други работи во врска со подготвување на сурова нафта за пазар. Нафтоводите и гасоводите се распоредуваат во групата 06070 „Цевоводен транспорт".
	01042	010420	Производство на земен гас
			Производство на земен гас, како и производство на течни јаглеводороди од гас на самото наоѓалиште. Експлоатационите дупчења што се вршат во организации за производство на сурова нафта и земен гас или во специјализирани организации, се распоредуваат во група 0502 „Нискоградба и хидроградба". Истражувањето на нафта, вклучувајќи ги и истражните дупчења, се распоредува во гранката 1105 „Геолошки истражувања".
0105	01050	010500	**Производство на нафтени деривати**
			Производство на нафтени деривати: бензини (сурови или примарни бензини, авионски, екстракциони и моторни бензини), white шпирит, петролеј за осветление и мотори, гасни масла (дизел-гориво), резидуални масла за горење (мазут и др.), моторно масло, масло за авионски мотори, турбинско, трансформаторско, вретенско и други масла и масти — нафтени деривати; парафин, битумен, вазелин, петрол-кокс и други производи од рафинерии на нафта. Производството на саѓи (активни, полуактивни и неактивни) и производството на аромати се распоредуваат во подгрупата 011810 „Производство на хемикалии".
0106	01060	010600	**Производство на железна руда**
			Производство на железна руда, како и облагородување и подготување на рудата.
			Производството на пирит се распоредува во гранката 0108 „Производство на руди на обоени метали".
			Рударските инвестициони работи (експлоатациони окна, ходници, откривки и сл.) се распоредуваат во гранката 0502 „Нискоградба и хидроградба". Геолошко-рударските истражувања и истражните работи (истражни дупчења, истражни ходници и др.) се распоредуваат во гранката 1105 „Геолошки истражувања".
0107			**Црна металургија**
	01071		Производство на железо и челик
		010711	Производство на сурово железо
		010712	Производство на суров челик
		010713	Производство на валан, влечен и кован челик
			Производство на челични лимови, профили, ленти, жици, цевки, челични прачки и други валани, влечени и ковани производи на црната металургија, како и производство на валани бандажи, бетонско железо, бел и поцинкуван лим и други об-

1	2	3	4
			ложени производи на црната металургија, безрабни и рабни цевки и на железнички шини и прибор.
	01072	010720	Производство на феролегури
			Производство на фероманган, ферохром, фероволфрам, феромолибден, силикоманган, силикохром, феросилицум, силикокалциум и на други феро легури.
0108			**Производство на руди на обоени метали**
	01081	010810	Производство на руди и концентрат на бакар
	01082	010820	Производство на руди и концентрат на олово и цинк
	01083	010830	Производство на боксит
	01089	010890	Производство на руди и концентрат на други обоени метали
			Производство на руди и концентрат на антимон, пирит, хром, жива, злато, сребро, манган, уран и други обоени метали.
			Рударските инвестициони работи (експлоатациони окна, ходници, откривки и сл.) се распоредуваат во гранката 0502 „Нискоградба и хидроградба". Геолошко-рударските истражувања и истражните работи (истражни дупчења, истражни ходници и др.) се распоредуваат во гранката 1105 „Геолошки истражувања".
0109			**Производство на обоени метали**
	01091	010910	Производство на бакар
			Производство на суров и рафиниран бакар, бакарни аноди и катоди, прав и лушпи од бакар и легури на бакар.
	01092	010920	Производство на олово
			Производство на сурово, рафинирано, кабелско и антимонско олово и оловни легури.
	01093	010930	Производство на цинк
			Производство на суров, рафиниран, фин и електролитски цинк, прав и лушпи од цинк.
	01094		Производство на глиница и алуминиум
		010941	Производство на глиница
		010942	Производство на алуминиум
			Производство на алуминиум и алуминиумски легури во блок.
	01099		Производство на други обоени метали
		010991	Производство на антимон
		010992	Производство на жива
		010999	Производство на неспоменати обоени метали
			Производство на други обоени метали и легури во блок и прав (калај, никел, злато, сребро, бизмут, селен, платина, кобалт, магнезиум, кадмиум и други обоени метали) на производи од топилници, рафинерии и електролизи.
0110			**Преработка на обоени метали**
	01101	011010	Преработка на алуминиум
			Производство на валалнички производи од алуминиум и алуминиумски легури: фолии, лимови, ленти, прачки, цевки и други валани, влечени и пресувани производи од алуминиум и алуминиумски легури.
			Производството на валана и влечена жица и јажиња од алуминум и алуминиум-ферум, се распоредува во групата 01173 „Производство на кабли и спроводници".
	01109		Преработка на бакар и на други обоени метали
		011091	Преработка на бакар и на легури од бакар
			Производство на валалнички производи од бакар и легури од бакар: фолии, лимови, ленти, прачки, цевки и други валани, влечени и пресувани производи.
			Производството на валана и влечена бакарна жица и јажиња од бакар се распоредува во групата 01173 „Производство на кабли и спроводници".
		011092	Преработка на олово
			Производство на валалнички производи од олово: фолии, лимови, ленти, жици, прачки, профили, цевки и други валани, влечени и пресувани производи.
		011093	Преработка на цинк
			Производство на валани, влечени и пресувани производи од цинк: фолии, лимови, ленти, жици, прачки, профили, цевки и други валани, влечени и пресувани производи.

1	2	3	4
		011099	Преработка на други обоени метали
			Производство на валалнички производи од другите обоени метали и легури: фолии, лимови, ленти, жици, прачки, профили, цевки и други валани, влечени и пресувани производи.
0111			**Производство на неметални минерали** (без градежен материјал)
	01111		Производство на неметални минерали (без соли)
		011111	Производство на азбест
			Производство на азбестна руда, влакно, концентрат и брашно.
		011112	Производство на магнезит и глина
			Производство на магнезит, огноотпорна и керамичка глина.
		011113	Производство на кварцен песок
		011119	Производство на други неметални минерали
			Производство на леарски песок, барит, лискун, криолит, природен флуорит, фелдспат, сурови фосфати, природни минерални ѓубриња од сите видови, каолин, талк, графит, шкрилец, вулкански туфови (бреча), кварцит, бентонит и други глини, трахит, воластонит и други неметални минерали.
			Производството на неметални минерали опфака експлоатација и облагородување (сепарација, палење, мелење, печење, пречистување и сл.).
			Рударските инвестициони работи (експлоатациони окна, ходници, откривки и сл.) се распоредуваат во гранката 0502 „Нискоградба и хидроградба". Геолошко-рударските истражувања и истражните работи (истражни дупчења, истражни ходници и др.) се распоредуваат во гранката 1105 „Геолошки истражувања".
	01112		Производство на соли
		011121	Производство на морска сол
		011129	Производство на други соли
			Производство на камена, варена и вакуумирана сол.
			Производството на соли опфаќа и мелење, дробење и рафинирање.
0112			**Преработка на неметални минерали** (без градежен материјал)
	01121		Производство на стакло
		011211	Производство на рамно стакло
			Производство на влечено, орнамент, армирано и друго рамно стакло.
		011212	Производство на амбалажно стакло
			Производство на амбалажно стакло вклучувајќи и фиоли и ампули.
		011219	Производство на друго стакло
			Производство на рачно и машинско стакло за широка потрошувачка, стаклени цевки, сијалични балони, техничко, брусено и друго стакло, стаклено влакно и други производи од стакло.
	01122	011220	Производство на огноотпорен материјал
			Производство на шамотен, магнезитен, хромитен, бокситен, силика-динас и друг огноотпорен материјал (тули и малтер). Тука се распоредува и производството на кисело-отпорен и термоизолационен материјал и прашочни производи.
	01123		Производство на порцелан и керамика
		011231	Производство на порцелан и керамика за домаќинство
			Производство на артикли за приготвување, служење и чување храна и пијалаци уметничка и украсна керамика, неглеѓосана грнчарија за цвеќарство и сл.
		011232	Производство на градежно-техничка керамика и порцелан
			Производство на ѕидни, подни и фасадни керамички плочки, керамички цевки, калеви за печки, друга градежна и санитарна керамика, апаратен и изолационен електропорцелан, лабораториска керамика и сл.
	01129		Преработка на други неметални минерали
		011291	Производство на азбестни производи
			Производство на азбестни метало-пластични затиначи, азбестна конфекција, азбестна изолација, плетење, предиво, филтер-маси и плочи врз база на азбест, азбестна лепенка, клингерит, феродогуртни и други производи за кочење.

1	2	3	4
		011292	Производство на јагленографитни производи Производство на аморфни електроди и маси, јагленографитни четчиња, графитни садови, реторти и др.
		011299	Друга преработка на нематални минерали Производство на природни и вештачки брусеви, брусна хартија и платно, пасти за брусење, производи од оникс и лискун, минерални влакна, плочи од минерални влакна и сл.
0113			**Металопреработувачка дејност**
	01131		Производство на метален репродукционен материјал
		011311	Производство на леани, ковани и пресувани производи Производство на леани, ковани и пресувани, необработени делови на машини, уреди, транспортни средства и други производи.
		011312	Производство на метален инсталационен материјал Производство на цевки и фазонски делови од леано железо, котли и радијатори за централно греење, челични ребрести цевки, конвектори и калорифери и друга опрема за централно греење, кади за бањи и други леани и лимени санитарни уреди, водоводни, санитарни и други арматури, како и друг метален инсталационен материјал.
		011313	Производство на алат Производство на резен алат за обработка на метали (спирални бургии, глодала, врезници, нарезници, пили, стругарски ножеви, развртувачи, впуштачи). Производство на резен алат за обработка на дрво (глодала, бургии, пили, глави за глодање, ножеви за стружење). Производство на друг алат за обработка на метали (индивидуален алат за работа на преси, прибор за алатни машини, стегачки глави за стругови, плочки од тврд метал, мерен и контролен алат). Производство на рачен алат (клешти, клучеви, ножици одвивачи, пробивачи, секачи, комплети на рачен алат). Производство на рачен алат за земјоделство (лопати, дурии, мотики, копачи, секири, српови, коси, друг алат за земјоделство). Производство на утензилии за текстилната индустрија, графичката индустрија и сл.
		011314	Производство на метална амбалажа Производство на метална амбалажа од црн, поцинкуван и бел лим, од алуминиум и олово: производство на челични шишиња и др.
		011315	Производство на клинци, заковки, вијци и други жичени стоки Производство на вијци, заковки, тирфони, клинци од сите видови, електроди за заварување, ковани и електроварени синџири, метално плетиво и платно, пружини за мебел, бодлива жица и сл.
		011316	Производство на тркални лагери Производство на топчести, валчести и игличести лагери, лизгави лагери и делови за лагери.
		011319	Производство на друг метален репродукционен материјал Производство на оков и прибор за градежна столарија, за мебел, за кожена и друга галантерија и производство на друг метален репродукционен метеријал.
	01132	011320	Производство на метални градежни и други конструкции Производство на составни делови на градежни конструкции од челик или од други метали (мостови, резервоари, индустриски хали и други објекти), лимени цевки и оџаци, метални прозорци и врати, скалишта и други метални изработки за градежништво и за други цели.
	01139	011390	Производство на стоки за широка потрошувачка и на други метални производи Производство на мебел и опрема, изработена претежно од метал за домаќинства, канцеларии, школи и болници. Производство на шивачки машини за домаќинства Производство на метални садови и прибор за јадење, печки и шпорети (освен електрични) прибор за приготвување јадења, ваги за домаќинства, метал-

1	2	3	4
			на галантерија и ножиња за бричење, апарати на гас, метален прибор за чистење (жица за паркет и миење садови) и сл.
			Производство на неспомнати ваги (без аналитички и колски), каси и сефови, противпожарни апарати и други неспомнати производи за домаќинства и широка потрошувачка.
0114			**Машиноградба**
	01141		Производство на машини и уреди (без електрични и земјоделски)
		011411	Производство на енергетски машини и уреди
			Производство на погонски парни котли и уреди, парни и гасни машини и мотори, парни и водни турбини, бензински, дизел и други мотори со внатрешно согорување (освен мотори за друмски моторни возила и авиони). Производството на комплетни парни, гасни и водни турбогенератори на агрегати се распоредува во групата 01171 „Производство на електрични машини и уреди". Производството на мотори за друмски моторни возила се распоредува во групата 01152 „Производство на друмски возила". Производството на авионски мотори се распоредува во групата 01159 „Производство на други сообраќајни средства". Производството на котли и уреди за парно греење се распоредува во групата 01131 „Производство на метален репродукционен материјал".
		011412	Производство на градежни и рударски машини и уреди
			Производство на машини и уреди за вадење, облагородување и дробење руди, булдожери, багери, ежови, валјаци, мешалки за бетон, копачки, ескаватори, скрепери, гредери и други машини за градежништво и рударство.
		011413	Производство на машини за обработка на метали и дрво
			Производство на стругови, брусилки, рендиња, глодалки, преси, ковачки чекани и други машини за ковање, валање, пресување, извлекување, леење и заварување (освен електрични), машини за обработка на дрво и др. Не е опфатено производството на електрични апарати за заварување кое се распоредува во групата 01171 „Производство на електрични машини и уреди" и производството на алат за обработка на метали и дрво, кое се распоредува во групата 01131 „Производство на метален репродукционен материјал".
		011419	Производство на други машини и уреди (без електрични и земјоделски)
			Производство на специјализирани индустриски машини и уреди (освен машини за обработка на дрво и метали) за прехранбена, текстилна, графичка и хемиска индустрија, за индустрија на кожи, за преработка на хартија, за рафинерии на нафта, за индустрија на цемент и друг градежен материјал, неспомнати машини за црна и обоена металургија и др.
			Производство на други машини и уреди: воздушни и гасни компресори, ковачки дувалки, пумпи, машини за вентилација и климатизација, машини за дигање и пренесување (како што се кранови, елеватори и дигалки), високи куполни индустриски печки и сл.
	01142	011420	Производство на земјоделски машини
			Производство на плугови, мотокопачки, мотофрези, мотокултиватори, брани, сеалки, машини за растурање ѓубре, комбајни, жетварки, косачки, самоодни тревокосачки, вршалки, прскалки, самоодни прскалки, запрашувачи, роначи, елеватори, инкубатори, апарати за молзење, центрифуги за мед, мелници чеканари, гмечалки, преси за грозје, уреди за вештачки дожд и сл. Производството на земјоделски алат се распоредува во групата 01131 „Производство на метален репродукционен материјал" а производството на трактори во групата 01152 „Производство на друмски возила".
	01143	011430	Производство на опрема за професионални и научни цели, мерни и контролни инструменти и уреди за автоматизација на управувањето (освен оние од гранката 011)
			Производство на канцелариски машини: машини за сметање (освен електронски), книговодствени машини, системи на машини со дупчени картички, регистарски каси, машини за пишување, неспомнати машини за мерење тежина, машини за копирање (покрај долуспомнатите за фото-копирање) и др.

1	2	3	4
			Производство на лабораториски и научни инструменти, мерна и контролна опрема, хируршки, медицински и забарски машини и инструменти и опрема, како и прецизни ортопедски и протетички средства. Производството на рударска опрема, рендгенски и електрични терапевтски апарати се распоредува во групата 01172 „Производство на електронски и телекомуникациони уреди".
			Производство на регулациони уреди и опрема. Пневматички и хидраулични регулатори, регулатори на бројот на обрти, позиционери, претворачи и зајакнувачи на сигнали, пневматички и хидраулички релеи, регулациони блокови дозатори и слични уреди; производство на елементи и уреди на управувачки пневматички и хидраулични кола; производство на уреди и системи за автоматско управување со хидраулични и мешовити регулациони и управувачки кола (освен оние од гранката 0117 „Производство на електрични машини и апарати").
			Производство на оптички инструменти и леќи, офталмички производи, кинематографски, фотографски и фото-копирни апарати и опрема, како и производство на оптички инструменти за научни и медицински потреби.
			Производство на часовници од сите видови, делови, кутии и механизми, како и механизми за временско регулирање.
0115			**Производство на сообраќајни средства** (без бродоградбата)
	01151		Производство и поправка на шински возила
		011511	Производство на шински возила
			Производство на електрични, дизел-електрични и други локомотови за сите колосеци, железнички и трамвајски коли за патнички и товарен сообраќај; производство на специјални делови за вагони, локомотиви и трамвајски коли.
			Производството на електрична сигнална опрема за трамвајски и железнички сообраќај се распоредува во групата 01172 „Производство на електронски и телекомуникациони уреди".
		011512	Поправка на шински возила
			Поправка на локомотиви, железнички и трамвајски коли за патнички и товарен сообраќај.

1	2	3	4
	01152		Производство на друмски возила
		011521	Производство на мотори
			Производство на мотори со внатрешно согорување за друмски моторни возила и делови за тие мотори.
		011522	Производство на камиони и специјални возила
			Производство на камиони и приколки за камиони и трактори, камп-приколки, комерцијални возила и автобуси и возила за специјална намена (амбулантни коли, авто-цистерни), противпожарни и други специјални возила. Производство на шасии и изработка на каросерии за камиони и специјални возила.
		011523	Производство на патнички автомобили
		011524	Производство на трактори
			Производство на трактори тркалачи и гасеничари.
		011525	Производство на мотоцикли и мопеди
		011526	Производство на велосипеди
			Производство на велосипеди, трицикли и специјални делови за велосипеди.
		011527	Производство на делови и прибор за моторни возила
			Производство на делови и прибор за моторни возила. Производството на електричен прибор за моторни возила се распоредува во групата 01179 „Производство на други електротехнички производи".
	01159	011590	Производство на други сообраќајни средства
			Производство на авиони, хеликоптери, авионски мотори и неспомнати сообраќајни средства (акумулаторски возила и сл.).
0116	01160		**Бродоградба**
		011601	Поморска бродоградба
			Изградба на сите типови поморски бродови, багери, кајаци (освен гумени); реконструкција и поправка на поморски бродови.
		011602	Речна бродоградба
			Изградба на сите типови речни бродови, багери, шлепови, кајаци (освен гумени); реконструк-

1	2	3	4
			ција и поправка на речни бродови и кајаци.
0117			**Производство на електрични машини и апарати**
	01171	011710	Производство на електрични машини и уреди Производство на електрични мотори, генератори и комплетни турбо-генератори и мото-генератори, трансформатори, расклопни и разводни уреди и разводни плочи, насочувачи, друга електрична опрема за пренос и дистрибуција на електрична енергија, стартери и контролен прибор за електрични мотори, електромагнетски склопки и прекинувачи, електрични апарати за заварување, електрични печки и други електрични машини и уреди за индустрија.
	01172		Производство на електронски и телекомуникациони уреди
		011721	Производство на составни делови на електронски апарати и уреди Производство на електронски цевки, полупроводници, интегрални кола, отпорници, кондензатори, калеми и трансформатори, единици со пиезо својства, единици со магнетни својства, други составни делови што се вградуваат во електронски апарати и уреди.
		011722	Производство на радио и телевизиски приемници и електро-акустични апарати и уреди Производство на телевизиски приемници и тонски радио-дифузни приемници, Hi-Fi уреди, магнетофони, уреди и системи за озвучување, аудио и видео-уреди, специфични елементи за тие уреди, како што се стерео-декодери, бирачи на канали и сл.; производство на антени и антенски системи и други уреди и прибор, како што се звучни кутии, трансконвертори и слично.
		011723	Производство на комуникациони апарати и уреди Производство на телефонски апарати, телефонски централи, телеграфски апарати, телеграфски централи, повеќеканалски уреди, радио-комуникациони уреди, интеркомуникациони уреди, уреди за пренос на податоци, како и кабелски прибор и опрема за горните уреди.
		011724	Производство на мерна и регулациона опрема, средства за управување и автоматизација во индустријата и сообраќајот Производство на мерни инструменти и опрема за мерење температура (освен лабораториски), калории, притисок, проток, ниво, време (освен за широка потрошувачка) тежина, влажност, брзина, обрти, позиција, состав и други променливи големини (вредности) на течности и гас, како што се: давачи, показни инструменти, покажувачи, регистратори (пишувачи), мерни дози за електрични и електронски ваги, анализатори, мерни преклопници и др. Производство на регулациони уреди и опрема, како што се: регулатори на број на обрти и регулатори за посебни намени, позиционери, претворачи и зајакнувачи на сигнали, дозатори, временски и фреквентни релеи и слично. Производство на опрема, уреди и системи за управување, како што се: програматори за управување со машини, функционални математички блокови, процесни сметачи, телемеханички циклични и адресни уреди, телемеханички уреди и системи со терминали (врз база на фреквентен мултиплекс и микросметач), дигитални системи за хронологија на настани, визуелни покажувачи, сигнални уреди, сигнално-сигурносни уреди во сообраќајот (железнички, друмски, градски, пловни патишта, преводници и пристаништа), сигнално-сигурносни уреди (системи) за јавување пожар, провала и др. Производство на системи за автоматско управување, командни табли, пултови и ормани со вградена опрема.
		011729	Производство на неспомнати електронски апарати и уреди Производство на уреди на сметачка техника: процесори, калкулатори, пресметковни автомати, терминали, мемории, влезно-излезни уреди, уреди за подготвување податоци и софтвери за горните уреди.

1	2	3	4
			Производство на уреди за специјални намени: уреди за радиолокација, навигација, наведување, детекција, уреди на инфрацрвена техника, уреди за метеорологија, авто-електроника и сл.
			Производство на електромедицински апарати и уреди: рендген-уреди со прибор за дијагностички и терапевтски цели, други уреди за дијагностика, интензивна нега на болни (монитор-системи), терапија и протетика и сите лабораториски апарати и прибори врзани за медицински апарати и уреди.
01173	011730		Производство на кабли и спроводници
			Производство на кабли за јака струја, кабли за високофреквентна струја, динамо-жица, лак-жица, други голи и изолирани спроводници и јажиња (бакарни, алуминиумски, алуминиум-ферум и челични).
01174			Производство на електрични апарати за домаќинства
	011741		Производство на термички апарати
			Производство на шпорети, решои, скари, тостери, апарати за сендвичи и кекс, топли плочи, апарати за приготвување кафе, електрични садови за варење, бојлери, термоакумулациони печки, електрични радијатори, греалки, клима-уреди и слично.
	011742		Производство на разладни апарати и уреди
			Производство на ладилници (фрижидери), апарати за длабочинско замрзнување, комбинација на разладни апарати и уреди, автомати за правење сладолед, улични апарати за сокови, уреди за ладење вода и правење мраз и слично.
	011743		Производство на апарати и уреди за перење и сушење
			Производство на машини за перење алишта, машини и уреди за сушење алишта, машини за перење садови и слично.
	011749		Производство на други апарати за домаќинства
			Производство на мали кујнски апарати: електрични мелници, мешалки (миксери), апарати за цедење, електрични ножеви и слично. Поризводство на апарати за лична хигиена: апарати за бричење, стрижење, нега на коса, апарати за масажа и педикир, електрични сушила за раце, електрични четки за заби, облека, чевли и слично. Производство на апарати за чистење: правосмукалки, пегли, апарати за хоблување, Производството на електрична опрема за осветление се распоредува во групата 01179 „Производство на други електротехнички производи".
01179			Производство на други електротехнички производи
	011791		Производство на електроинсталационен материјал
			Производство на топливи и автоматски инсталациони осигурувачи, инсталациони прекинувачи, утикачки кутии, утикачи, грла за сијалици, инсталациони цевки и прибор и друг инсталационен материјал.
	011792		Производство на сијалици и луминисцентни цевки
			Производство на сијалици за јака и слаба струја со усвитеню влакно, други сијалици и луминисцентни цевки.
	011793		Производство на акумулатори и галвански елементи
			Производство на акумулатори за моторни возила, радиоакумулатори, челични акумулатори, стационарни и други акумулатори, џебни батерии, радиобатерии, налевачки елементи и други галвански елементи.
	011799		Производство на неспомнати електротехнички производи
			Производство на собни и индустриски светилки, рефлектори, флуоресцентни светилки (арматури), светилки за рудари и за моторни и други возила, џебни и други светилки. Производство на електрични апарати и прибор за моторни возила (за раздвижување, палење, осветление и сигнализација, свеќички, разводници, индукциони калеми, магнети, бришачи, покажувачи на правец и сл.), електрични изолатори и изолационен материјал, освен од стакло и порцелан.
0118			**Производство на базни хемиски производи**
01181	011810		Производство на хемикалии (освен за земјоделство)

1	2	3	4
			Поризводство на основни индустриски органски и неоргански хемикалии, како што се: циклични соединенија, интермедиерни и нерафинирани бои, органски пигменти, нециклични органски хемикалии, растворачи, хемикалии за обработка на гума, синтетички и природни танински материи, хемикалии од смоли и дрво, естри, уреа, масни и други киселини, неоргански киселини и бази, неоргански пигменти, водородпероксид, јагленбисулфид, фосфор, магнезиум карбонат, бром, јод, неспомнати соли, индустриски компримирани гасови, течни и во цврска состојба. Производство на хемиски материјали за атомска фисија и фузија и производи на тие процеси.
			Производството на сулфурна, азотна и фосфорна киселина, кое се врши во фабриките за вештачки ѓубриња се распоредува во оваа група. Производството на прости, мешани, сложени и комплексни вештачки ѓубриња, инсектициди и средства за заштита на растенија, синтетички смоли, пластични маси, синтетички влакна и фармацевтски хемикалии се распоредува во групата 01182 „Производство на хемикалии за земјоделство", во групата 01183 „Производство на хемиски влакна и пластични маси" и во групата 01191 „Производство на лекови и фармацевтски суровини".
	01182	011820	Производство на хемикалии за земјоделството.
			Производство на прости, мешани, сложени и комплексни азотни, фосфорни и калиумови ѓубриња, производство и подготовка на средства за заштита на растенија готови за употреба, инсектициди, фунгициди и хербициди, како и концентрати за тие цели.
			Производството на сулфурна, фосфорна и азотна киселина во состав на фабриките за вештачки ѓубриња се распоредува во групата 01181 „Производство на хемикалии". Производството на базични или технички хемикалии што се користат во производството на средства за заштита на растенија, како што се: оловни и калиум арсенати, сулфат на бакар DDT и BHC, се распоредува исто така во групата 01181 „Производство на хемикалии".
	01183		Производство на хемиски влакна и пластични маси
		011831	Производство на вештачки и синтетички влакна
			Производство на целулозни и други вештачки и синтетички влакна (освен стаклени) во форма на монофиламент, мултифиламент, влакна и колчишта. Впредувањето, намотувањето и предењето на вештачки влакна се распоредува во групата 01251 „Производство на влакна, предиво и конец".
		011832	Производство на пластични маси
			Производство на синтетички смоли и пластични маси што не се вулканизираат (во форма на пресувани и екструдирани соединенија, цврсти и течни смоли, фолии, прачки, цевки, гранули и прав) и еластомерни маси што се вулканизираат (синтетички каучук).
0119			**Преработка на хемиски производи**
	01191	011910	Производство на лекови и фармацевтски суровини
			Производство на витамини и витамински препарати, бактериолошки производи, серуми и вакцини, пеницилин, стрептомицин и други антибиотици, алкалоид на опиум, кокаин, кофеин, кинин и други алкалоиди, соли и нивни деривати (кодеин, папаверин, никотин, теобромин), медицински вазелин и парафин, хормони, нивни соли и естри, инсулин, дозирани лекови, диететски препарати, недозирани лекови, фластери, хируршки материјал, цемент и друг забарски материјал, медицинска крвна плазма и други фармацевтски апарати за медицинска и ветеринарна употреба.
	01192	011920	Производство на средства за перење и козметички препарати
			Производство на сапун во сите облици, синтетички детергенти, шампони и сапуни за бричење, прашоци и слични средства за чистење и перење, суров и рафиран глицерин од растителни и животински масла и масти, природни и вештачки мириси, козметички препарати, лосиони, средства за перење коса, пасти за заби и други тоалетни препарати.

1	2	3	4
			Производството на синтетички мириси и синтетички глицерин се распоредува во групата 01181 „Производство на хемикалии". Производството на етарски масла се распоредува во групата 01199 „Производство на други хемиски производи".
01193	011930		Производство на бои и лакови
			Производство на фирнајси, маслени бои и лакови, бајцеви и шелак, нитролакови, емајли и јапонија — лакови, сложени смекнувачи и растворачи, чистачи на четки за боење, китови и други подлоги и материјали за полнење. Производството на white шпирит се распоредува во групата 01050 „Производство на нафтени деривати".
01194			Преработка на пластични маси
	011941		Производство на амбалажа од пластични маси
	011949		Друга преработка на пластични маси
			Производство на артикли од пластични маси со леење, истискување и пресување: кујнски и трпезни садови, пластични елементи за изолација, обувки, играчки, мебел и производи од пластични маси за индустрија (делови за машини, кутии за радиоапарати, делови за автомобилска индустрија, копчиња од сите видови).
			Производство на куќна опрема од пластични маси, како што се: завеси или покривачи за маси, се распоредува во групата 01262 „Производство на текстилна конфекција". Составувањето, монтажата на играчки и кукли и на спортски реквизити се распоредува во групата 01390 „Производство на разновидни производи". Производството на куфери, торби, портмонеа и слични производи се распоредува во групата 01282 „Производство на кожена галантерија".
01199	011990		Производство на други хемиски производи
			Производство на разновидни хемиски производи нераспоредени на друго место, како што се средства: за полирање мебел и метали, средства за дезинсекција и дезинфекција, емулгатори, пенетранти, експлозив, штапин, капсли, запалки од сите видови, лепила, туткал и желатин, паста за чевли, свеќи, мастила и туше-ви, етарични масла, соединенија за пречистување вода, фото-хартија и фото-хемикалии, лабораториски хемикалии, хемиски канцелариски и школски производи и сл.
0120	01200		**Производство на камен, чакал и песок**
		012001	Производство и обработка на камен
			Вадење и мелење камен (вклучувајќи и варовник) и мермер; производство на дробен камен, плочи, коцки, рабници и друг профилиран материјал.
		012002	Производство на чакал и песок
			Производство на градежен песок и чакал. Производството на кварцен и леарски песок се распоредува во гупата 01111 „Производство на неметални минерали".
		012003	Производство на суров гипс (садра)
0121			**Производство на градежен материјал**
	01211		Производство на вар и гипс
		012111	Производство на вар
			Производство на печена гасена и хидратирана вар.
		012112	Производство на гипс
	01212	012120	Производство на цемент
			Производство на портланд-цемент и други видови цемент
	01213	012130	Производство на тули и керамиди
			Производство на тули и керамиди, блокови за ѕидање од глина, шупливи блокови од тули за тавани и сводови (монта-таваниски тули) и сл.
	01214		Производство на градежни префабрикати и битуменски производи
		012141	Производство на азбестно-цементни производи
			Поризводство на азбестно-цементен покривен материјал, цевки и други азбестно-цементни производи.
		012142	Производство на префабрикувани градежни елементи
			Производство на префабрикувани градежни елементи од цемент, вар, чакал, песок и

1	2	3	4
			дрвни отпадоци (блокови за ѕидови и прегради, ѕидни елементи, панели, тела за тавани и сводови, скелетни конструкции, столбови за пренос на електроенергија и сл.), терацо плочи, бетонски цевки, лесни градежни плочи и сл.
		012143	Производство на битуменски материјали за патишта и покриви
			Производство на битуменска маса и емулзија, покривна лепенка, битуменска хартија, битуменска јута и сл.
0122	01220		**Производство на режана граѓа и плочи**
		012201	Производство на режана граѓа
			Производство на режана граѓа од иглолисници и широколисници, и режани железнички прагови.
		012202	Производство на фурнир и плочи
			Производство на благороден и слеп фурнир, шпер-плочи, панел-плочи, плочи иверици, лесонит-плочи, плочи влакнатици и облагородени плочи. Производството на поздер-плочи се распоредува во подгрупата 012142 „Производство на префабрикувани градежни елементи“.
		012203	Импрегнација на дрво
			Импрегнација на јамско дрво, железнички режани и делкани прагови, друго режано и обло дрво.
0123			**Производство на финални производи од дрво**
	01231	012310	Производство на мебел од дрво
			Производство на мебел и опрема за домаќинство, за школи, угостителство и канцеларии, изработени претежно од дрво и други материи, освен од метали, прачки и пластични маси. Производство на кабинети за машини за шиење кутии за радио и ТВ апарати, тапациран мебел и душеци со пружини. Производството на мебел изработен претежно од метали се распоредува во групата 01139 „Производство на стоки за широка потрошувачка и други метални производи“. Мебелот произведен во целост од пластични маси се распоредува во групата 01194 „Преработка на пластични маси“.

1	2	3	4
	01232		**Производство на други финални производи од дрво**
		012321	Производство на амбалажа од дрво
			Производство од дрвена амбалажа: сандаци, кутии, гајби, дрвени калеми, буриња и друга амбалажа од дрво.
		012322	Производство на градежни елементи од дрво
			Производство на врати, прозорци и друга градежна столарија, паркети, бродски под, ролетни, дрвени куки, бараки и делови.
		012323	Производство на галантерија од дрво и плута
			Производство на неспомнати производи од дрво и плута: калапи за чевларство, топуци, дрвени клинци, утензилии за текстилна индустрија, стапови, закачалки и друга дрвна галантерија, чепови и други производи од плута, дрвостругарски производи, рамови за слики и огледала, мртовечки сандаци и друго.
		012324	Производство на предмети од прачки
			Производство на мебел, кошници и амбалажи од прачки и од трска и други ситни предмети од прачки, трска и рогозина.
0124			**Производство и преработка на хартија**
	01241	012410	Производство на целулоза и хартија
			Производство на полуцелулоза (дрвесина) и целулоза: хартија, картон, обична и брановита лепенка и градежни плочи од хартија, глазирана, обложена, гумирана и слична хартија. Производството на хартија обложена со битумен и со асфалт се распоредува во групата 01214 „Производство на градежни префабрикати и битуменски производи“. Производството на карбон-хартија и фото-хартија се распоредува во групата 01199 „Производство на други хемиски производи“.
	01242		Преработка на хартија
		1	Производство на хартиена амбалажа
			Производство на печатени и непечатени кутии и друга амбалажа од хартија, картон и

1	2	3	4
			лепенка; кесиња и вреќи од хартија и други материјали (освен од текстил и пластични маси) и сл.
		012429	Друга преработка на хартија
			Производство на артикли од целулоза, хартија и картон, како што се: утензилии од хартија, пликови и друг канцелариски материјал од хартија, ѕидна хартија (тапети), пешкири, тоалет-хартија, хартиени цевчиња, филтери за цигари и др.
0125			**Производство на текстилни предива и ткаенини**
	01251		Производство на влакна, предиво и конец
		012511	Производство на конопно и ленено влакно
			Производство на влакна — подготовка на влакна за предење: квасење, триење лен и коноп, гребење, мешање, карбонизирање и сукање.
		012512	Производство на предиво и конец од памучен тип
			Производство на памучно, чешлано и кардирано предиво, вигоа-предиво; сите видови предива во мешаници на памук со вештачки и синтетички влакна, цел-предиво и синтетичко предиво и конец од памучен тип.
		012513	Производство на предиво од волнен тип
			Производство на волнено чешлано и влачено предиво, волница и конец; сите видови предиво во мешаници на волна со вештачки и синтетички влакна, цел-предиво и синтетичко предиво, волница и конец од волнен тип.
		012514	Производство на предиво и јажарија од тврди ликести влакна
			Производство на предиво и јажарија од коноп, лен, јута, манила, кокос, сисал како и предива и јажарија од супститут врз база на полиетилен и полипропилен и сл.
		012515	Производство на предиво и конец од природа и вештачка свила
			Производство на предиво и конец од природна и вештачка свила, вклучувајќи и греж.
		012516	Производство на синтетички креп-предиво и конец
	01252		Поризводство на ткаенини
		012521	Производство на памучни ткаенини (од памучен тип)
			Производство на ткаенини од памучен тип: памучни, цел и синтетички и во мешаници изработени од предиво од памучен тип.
		012522	Производство на волнени ткаенини (од волнен тип)
			Производство на ткаенини волнени, цел и синтетички од волнен тип и во мешаници изработени од предиво од волнен тип.
		012523	Производство на ткаенини од предиво од тврди и од ликести влакна
			Производство на конопни, ленени и јутени ткаенини, гуртни, рибарски мрежи, вклучувајќи ги и тие производи од полиетилен и полипропилен.
		012524	Производство на свилени ткаенини (од свилен тип)
			Производство на ткаенини од природна свила, од вештачка свила и од синтетички филаменти
0126			**Производство на готови текстилни производи**
	01261		Производство на трикотажни предмети
		012611	Производство на трикотажни ткаенини
		012612	Производство на трикотажна долна облека
		012613	Производство на трикотажна облека
		012614	Производство на чорапи
		012615	Поризводство на позамантерија
			Производство на позамантерија од сите видови од текстилни и слични влакна, филаменти и предиво.
	01262		Производство на текстилна конфекција
		012321	Производство на долна облека (освен трикотажна)
		012622	Производство на облека
		012623	Производство на преслека за домаќинство
			Производство на постелна преслека, тоалетна преслека и кујн-

1	2	3	4
			ска преслека, душеци (освен душеци со пружини), јорган, перници, чаршафи, готови завеси итн.
		012624	Производство на тешка конфекција Производство на шатори, церади камп-опрема и др.
	01269		Производство на други текстилни производи
		012691	Производство на прекривачи за под Производство на ткаени и со рака јазлувани теписи, тафтинг, иглувани и други видови прекривачи за под изработени од текстилни материјали или во мешаници со други вештачки и синтетички маси.
		012699	Производство на неспомнати текстилни производи Производство на неткаен текстил, филц, шапки, тули, беретки, чадори, сонцобрани, вата, текстилен санитетски материјал и др.
0127	01270		**Производство на кожа и крзно**
		012701	Производство на крупна кожа Производство на ѓонска кожа, горна кожа за обувки и галантерија, за поставна и други кожи од крупни сурови кожи. Производство на технички ремени и утензилии, како и вештачка кожа од кожни материјали.
		012702	Производство на свињска кожа Производство на горна, поставна, галантериска и друга кожа од свињски сурови кожи.
		012703	Производство на ситна кожа и крзно Производство на горна, поставна, за облекување, техничка и друга кожа од ситни сурови кожи. Производство (обработка) на крзна од домашни и диви животни.
0128			**Производство на кожни обувки и галантерија**
	01281	012810	Производство на кожни обувки Производство на обувки од кожа, ткаенини и други материјали, освен обувки изработени претежно од вулканизирана и леана гума и пластични маси. Производството на обувки од вулканизирана или леана гума се распоредува во групата 01290 „Преработка на каучук", а производството на леани обувки од пластични маси се распоредува во групата 01194 „Преработка на пластични маси".
	01282	012820	Производство на кожна галантерија Производство на куфери и рачни торби, портмонеа и новчаници, табакери, футроли за клучеви и слични производи од кожа, пластични маси, вулканфибери и други кожни супститути.
	01283	012830	Производство на кожна и крзнена конфекција Производство на палта, мантили, јакни, друга облека и преслеки за автомобили од кожа, крзно и кожни супститути.
0129	01290		**Преработка на каучук**
		012901	Производство на гуми за возила Производство на гуми за возила од природен и синтетички каучук, за велосипеди, мотоцикли, автомобили, трактори и камиони, авиони и други возила.
		012909	Друга преработка на каучук Производство од природен и синтетички каучук на сите видови гумени производи (освен гуми за возила): обувки изработени претежно од вулканизирана или леана гума, гумено-технички производи и гумена галантерија (нараквици, постилки, сунѓери и други вулканизирани артикли), гумени кајаци, душеци и сл., како и регенерација на гума од стари гумени производи.
0130			**Производство на прехранбени производи**
	01301	013010	Мелење и лупење жита Производство на мелнички производи: брашно, прекрупа за добиточна храна; лупење, чистење и полирање на ориз, подготвување на овесни, пченични и пченкарни снегулки и сл. Индустриски подготвената храна за добиток и живина се распоредува во групата 01320 „Производство на добиточна храна".
	01302		Производство на леб и тестенини
		013021	Производство на леб и печиво

1	2	3	4
			Производство на леб, печиво, бурек, крофни, пити и слични пекарски производи.
		013022	Производство на тестенини
			Производство на макарони, шпагети, тестенини за супа, резанци и сл.
	01303	013030	Преработка и конзервирање на овошје и зеленчук
			Производство на овошна пулпа, марк, мармалад, џемови, желеа, слатко, компоти, овошни сирупи, природни овошни сокови, сушено овошје и зеленчук, конзервиран и скиселен зеленчук, сокови од зеленчук, мелен пипер, супи од зеленчук и други производи од конзервирање и преработка на овошје и зеленчук.
	01304		Преработка и конзервирање на месо и риба
		013041	Колење на добиток
			Колење на добиток и пакување месо.
		013042	Преработка и конзервирање на месо
			Сушење, чадење, солење, конзервирање и друга преработка на месо; производство на колбасарски производи и концентрати на супа; топење и рафинирање на свињска маст и други маснотии за јадење од животинско потекло.
			Преработките што се состојат од комбинација на месо и зеленчук (конзервирани и на друг начин подготвени готови јадења, супи и сл.) се распоредуваат според претежна вредност на состојките. Прженият компир и компир-пире се распоредуваат во групата 01303 „Преработка и конзервирање на овошје и зеленчук". Готовите јадења со месо се распоредуваат во групата 01304 „Преработка и конзервирање на месо и риба".
		013043	Преработки и конзервирање на риба
			Солење, чадење, сушење, конзервирање и слична преработка на риба и друга храна од морија и реки. Екстракција на рибино масло и масло од други животни од морија и производство на рибино брашно.
	01305	013050	Преработка и конзервирање на млеко
		140239	Други самоуправни интересни заедници во областа на општествените дејности
	14029		Неспомнати самоуправни интересни заедници и фондови
		140291	Неспомнати самоуправни интересни заедници
		140292	Општествени фондови
		140293	Фондови на општествено-политичките заедници
		140294	Самоуправни фондови
1403			**Здруженија на организациите на здружен труд**
	14031		Општи стопански здруженија
		140311	Стопански комори
		140312	Други општи стопански здруженија

1	2	3	4
			Организации настанати со задолжително здружување на организациите на здружен труд на стопанските дејности, вклучувајќи ги и задружните сојузи.
	14032	140320	Посебни стопански здруженија
			Организации и сојузи настанати со слободно здружување на организациите на здружен труд.
1404			**Општествено-политички и општествени организации и здруженија на граѓани**
	14041		Општествено-политички организации
		140411	Сојуз на комунистите
		140412	Социјалистички сојуз на работниот народ
		140413	Синдикати
		140414	Социјалистичка младина
		140415	Здружение на борците на Народноослободителната војна
	14042		Општествени организации
		140421	Општествени организации со социјално-хуманитарни цели
		140422	Општествени организации за ширење на техничката култура
		140423	Професионални (струковни) здруженија и друштва
		140429	Други општествени организации
	14043	140430	Здруженија на граѓани
			Организации на здружување на граѓани заради развивање разновидни слободни активности (друштва на пријатели на природата, на родниот крај, на филателисти, библиофили и др.).
	14049		Други организации
		140491	Верски друштва, здруженија, заедници и цркви
		140499	Неспомнати организации
			Дипломатски претставништва, мисии и претставништва на меѓународни организации и странски држави, вклучувајќи и единици во состав на тие организации (читални, изложби и сл.).

527.

Врз основа на член 86 став 2 од Законот за народната одбрана („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/74), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОСТОРНИТЕ И УРБАНИСТИЧКИТЕ ПЛАНОВИ СО ПОТРЕБИТЕ НА НАРОДНАТА ОДБРАНА И ЗАШТИТАТА ОД ВОЕНИ ДЕЈСТВА

1. Со оваа одлука се утврдуваат барањата во поглед на потребите на народната одбрана и заштитата од воени дејства со кои се усогласуваат просторните и урбанистичките планови, постапката за поставување на такви барања и органите што поставуваат такви барања.

2. Усогласувањето на просторните и урбанистичките планови со барањата во поглед на потребите на народната одбрана и заштитата од воени дејства се обезбедува при изработката, донесувањето и извршувањето на тие планови.

Одредбата на став 1 од оваа точка се однесува и на гранските планови и основи за развој на одделни дејности, како што се станбената изградба, водостопанството, сообраќајот, енергетиката, шумарството и сл.

3. Барањата во поглед на потребите на народната одбрана и заштитата од воени дејства од точка 2 на оваа одлука (во натамошниот текст: барањата) ги опфаќаат сите услови неопходни за просторно и урбанистичко уредување на определен простор, односно определена урбана целина, во согласност со потребите на народната одбрана и заштитата од воени дејства.

Барањата ги опфаќаат условите на просторното и урбанистичкото уредување особено во поглед на:

1) комплексите во кои се наоѓаат воени и други објекти од посебно значење за народната одбрана, односно комплексите за изградба на такви објекти;

2) општото уредување на просторите и урбаните целини, од становиштето на обезбедувањето на ефикасното функционирање на воените кругови;

3) уредувањето на просторите за изведување на борбени дејства;

4) локалитетот и просторот за посебна намена, од значење за народната одбрана и заштитата од воени дејства;

5) мрежата на инфраструктурата потребна за изведување на борбени дејства;

6) системот и структурата на материјалното обезбедување на вооружените сили на СФРЈ во мир и за случај на војна.

4. Барањата што се однесуваат на складовите за сместување на запални, експлозивни и контаминирачки материи, или на објектите за произвол-

ство на такви материи, како и на просторите и објектите за обука со нападни борбени средства и другите услови од значење за безбедноста на околината или објектите наменети за потребите на народната одбрана, опфаќаат:

1) зони за безбедност на објектите и комплексите;

2) зони за внатрешната и надворешната сигурност, со утврден режим на користење на тие зони;

3) зони за забрана и зони за ограничување на изградба на определени објекти;

4) заштитни зони и оддалеченост на објектите, што со своето функционирање ја деградираат средината со последици за комплексите и објектите од интерес за народната одбрана.

5. При поставување на барањата од точ. 3 и 4 на оваа одлука треба да се води сметка за потребата на:

1) просторното и урбанистичкото приспособување на постојните објекти, комплекси и простори за потребите на народната одбрана;

2) обезбедувањето на етапната изградба на објектите и етапниот развој на комплексите и просторите од интерес за народната одбрана при изработката на просторните и урбанистичките планови и во текот на нивното извршување.

6. Органите на управата надлежни за изработка и извршување на просторните и урбанистичките планови се должни при пристапувањето кон изработката на тие планови писмено да го известат за тоа Сојузниот секретаријат за народна одбрана, преку републичкиот, односно покраинскиот орган на управата надлежен за поставување на барањата.

Обврска за известување во смисла на став 1 од оваа точка постои и при пристапувањето кон изработка на гански планови, односно основ за развој на одделни дејности. Таа обврска ја извршува организацијата на здружен труд, односно надлежниот орган на управата — носител на изработката на ганскиот план, односно основата за развој на одделни дејности.

7. Сојузниот секретар за народна одбрана, односно воените старешини што ќе ги овласти тој (во натамошниот текст: надлежниот воен старешина) се должни во рок од 60 дена од денот на приемот на писменото известување од точка 6 на оваа одлука, да ги постават потребните барања.

Барањата се доставуваат до органот на управата надлежен за изработка и извршување на просторните и урбанистичките планови преку републичкиот, односно покраинскиот орган надлежен за поставување на барањата (точка 6 став 1).

Надлежниот воен старешина истовремено со поставувањето на барањата, ќе ја определи и воената команда што ќе се грижи за извршување на поставените барања и за таа цел ќе соработува со носителот на изработката на планот од точка 6 на оваа одлука.

8. Сојузните органи на управата и сојузните организации, во рамките на правата и должностите во областа на народната одбрана утврдени со член 127 од Законот за народната одбрана, ќи поставуваат барањата од точ. 3 и 4 на оваа одлука преку соодветните републички, односно покраински органи на управата и остваруваат соработка со тие органи во текот на изработката, донесувањето и извршувањето на просторните и урбанистичките планови, заради усогласување и обезбедување на решенијата во поглед на потребите на народната одбрана и заштитата од воените дејства.

Прашањата на просторното и урбанистичкото уредување од заеднички интерес за вооружените сили и другите потреби на народната одбрана на определено подрачје, сојузните органи на управата и сојузните организации ќе ги решаваат во непосредна соработка со Сојузниот секретаријат за народна одбрана.

9. Заради обезбедување на остварувањето на поставените барања од точ. 3 и 4 на оваа одлука, надлежните команди на ЈНА и сојузните органи на управата и сојузните организации, што ги поставиле барањата, се должни во текот на изработката, донесувањето и извршувањето на просторните и урбанистичките планови, да обезбедат меѓусебна соработка и соработка со сите заинтересирани органи.

10. Пред доставувањето на просторниот, односно урбанистичкиот план заради донесување, надлежниот орган на управата (точка 6) е должен да прибави од сојузниот секретар за народна одбрана, односно од надлежниот воен старешина, мислење за усогласеноста на планот со барањата што во текот на остварената соработка врз изработката на планот се утврдени како задолжителни, и за таа цел да му достави изводна документација на планот од интерес за народната одбрана заради увид.

Просторниот односно урбанистичкиот план, заедно со документацијата се доставува на мислење преку републичкиот, односно покраинскиот орган на управата од точка 6 на оваа одлука. Преку тој орган на управата се дава и мислењето од став 1 на оваа точка.

Мислењето од став 1 на оваа точка се дава во рок од 30 дена од денот на приемот на планот и документацијата.

11. Мислењето на сојузниот орган, односно сојузната организација за усогласеноста на просторниот, односно урбанистичкиот план со барањето што го поставил тој орган, односно организација, ќе се прибави преку надлежниот републички, односно покраински орган од точка 8 на оваа одлука.

12. Во постапката за поставување на барањето, изработката, донесувањето и извршувањето на просторните и урбанистичките планови ќе се применуваат мерките за заштита на тајните податоци на народната одбрана предвидени со посебни прописи.

13. Одредбите на точ. 3 до 12 од оваа одлука се применуваат во постапката на измените и дополненијата, односно новелирањето на просторните и урбанистичките планови.

14. Контрола за извршување на поставените барања од точка 7 на оваа одлука врши главната инспекција за народна одбрана на Сојузниот секретаријат за народна одбрана.

15. Просторните и урбанистичките планови, што ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, мораат пред нивното донесување да се достават на мислење до органите и организациите од точ. 10 и 11 на оваа одлука.

16. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 607
15 јули 1976 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

528.

Врз основа на член 2 од Законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешнотрговскиот промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/75), по прибавено мислење од Стопанската комора на Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ И ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ И НА НИВНИТЕ ПРЕРАБОТКИ ШТО ПОДЛЕЖАТ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ ВО НАДВОРЕШНОТРГОВСКИОТ ПРОМЕТ

1. Во Одлуката за определување на земјоделските и прехранбените производи и на нивните преработки што подлежат на контрола на квалитетот во надворешнотрговскиот промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 37/75) во точка 1 под а) во одредбата под 4 на крајот точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додава нова одредба под 5, која гласи:

„5) далматинска жалфија.".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 606
22 јули 1976 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Бериславв Шефер**, с. р.

529.

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за полагање депозит при инвестициони вложувања во нестопански и непроизводни инвестиции („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/75), во согласност со одредбите на точка 3 од Одлуката за критериумите и постапката за ослободување од обврската за полагање депозит при инвестициони вложувања во нестопански и непроизводни инвестиции („Службен лист на СФРЈ", бр. 55/76 и 26/76), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ ДЕПОЗИТ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ВО СР ХРВАТСКА ПРИ ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА ВО ОБЈЕКТИ НА КОМУНАЛНОТО СТОПАНСТВО

1. Во Решението за ослободување од обврската за полагање депозит на определени организации на здружен труд во СР Хрватска при инвестициони вложувања во објекти на комуналното стопанство („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/76, 16/76, 18/76, 22/76, 26/76, 29/76, 30/76 и 31/76) во точка 1 во одредбата под 62 точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додаваат пет нови одредби, кои гласат:

„63) Комунално подузеќе „Чистоќа", Задар;

64) Подузеќе за изведување, одржување и експлоатација комунални објекти „Комуналац", Винковци;

65) Заедничка самоуправна интересна заедница за стамбено комунална дејатност, Валпово;

66) Граѓевинско-занатско подузеќе „Брусник", Комижа;

67) Комунално подузеќе „Чистоќа", Дубровник."

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 605
22 јули 1976 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Бериславв Шефер**, с. р.

530.

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за полагање депозит при инвестициони вложувања во нестопански и непроизводни инвестиции („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/75), во согласност со одредбата на точка 3 од Одлуката за критериумите и постапката за ослободување од обврската за полагање депозит при инвестициони вложувања во нестопански и непроизводни инвестиции („Службен лист на СФРЈ", бр. 55/75 и 26/76), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ ДЕПОЗИТ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ПРИ ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА ВО НЕСТОПАНСКИ И НЕПРОИЗВОДНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО САП ВОЈВОДИНА

1. Се ослободуваат од обврската за полагање на депозитот од член 3 на Законот за полагање депозит при инвестициони вложувања во нестопански и непроизводни инвестиции инвеститорите во САП Војводина ако вршат инвестициони вложувања во нестопански и непроизводни инвестиции, и тоа:

1) Комунално предузеќе „Чистоќа", Нови Сад;

2) Комунално предузеќе „Наш дом", Апатин;

3) Самоуправна интересна заедница за урбанизам, граѓевинско земјиште и становање, Нови Сад;

4) Трговинска организација удруженог рада „Банат", Зрењанин — ООУР „Хладњача", Зрењанин;

5) Завод за урбанизам, комуналне и стамбене послове Бачка Паланка — ООУР „Комуналац", Бачка Паланка.

2. Инвеститорот од точка 1 на ова решение е должен пред започнувањето на инвестицијата за чие вршење според одредбите на таа точка е ослободен од обврската за полагање депозит да ѝ го соопшти на надлежната служба на општественото книговодство назив, односно краткиот опис на инвестиционото вложување со претсметковената вредност на тоа вложување.

3. Службата на општественото книговодство ги води податоците од точка 2 на ова решение во евиденцијата за нестопанските и непроизводните инвестиции што се ослободени од обврската за полагање на депозитот од точка 1 на ова решение.

4. Инвеститорот од точка 1 на ова решение што инвестиционото вложување од таа точка го започнал до денот на влегувањето во сила на ова решение и го положил депозитот од член 3 на Законот за полагање депозит при инвестициони вложувања во нестопански и непроизводни инвестиции, може од надлежната служба на општественото книговодство да бара уплатениот износ на депозитот да му го врати. Кон барањето за враќање на депозитот инвеститорот е должен да поднесе докази за извршената уплата на депозитот.

Службата на општественото книговодство, по барањето од став 1 на оваа точка, ќе го врати уплатениот депозит во рок од осум дена од денот на приемот на барањето.

5. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 604
22 јули 1976 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Бернслав Шефер**, с. р.

531.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „KATOLIŠKI GLAS"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „Katoliški glas", број 25 и 26 од 1976 година, што излегува на словенечки јазик во Горица, Италија.

Бр. 650-2-47/3
28 јуни 1976 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
Драшко Јуришиќ, с. р.

532.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „SÜDDEUTSCHE ZEITUNG"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „Süddeutsche Zeitung", број 134 од 12/13 јуни 1976 година, што излегува на германски јазик во Минхен, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/442
6 јули 1976 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
Драшко Јуришиќ, с. р.

533.

Врз основа на член 29 став 4 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/74), во согласност со сојузниот секретар за надворешна трговија и со Сојузниот комитет за земјоделство, сојузниот секретар за пазар и цени пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ДАЛМАТИНСКАТА ЖАЛФИЈА НАМЕНЕТА ЗА ИЗВОЗ

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат квалитетот и начинот на пакување, означување и транспортирање на далматинска жалфија наменета за извоз.

Член 2

Далматинска жалфија може да се извезува како лист (Folium Salviae officinalis Dalmatineae), како гребена (триена), како сечена (концизирана) и како мелена во прав (пулверизирана).

Член 3

Лист на далматинската жалфија наменет за извоз е сув лист од билката жалфија (Salviae officinalis) со долгунест, јајцевиден или копјест облик, должина до 6 cm. Листот од опачината е посветол со јако изразена нерватура и густо покриен со влакненца, а од лицето некогаш со јако разредени влакненца. Рачката долга до 3 cm, е составен дел од листот. Листот мора да биде здрав и во сребреникавосива до зеленикава, а не темнозелена боја. Миризбата е ароматична, својствена на далматинската жалфија, а вкусот е слабо ароматичен, горчлив и малку тежок.

Далматинската жалфија во лист смее да содржи до 4% потемнети листови, до 10% рачки долги 4 cm, а од туѓи примеси може да содржи само до 1% други билки.

Член 4

Гребената (триена), сечената (концизирана) и меленатa (пулверизирана) жалфија мора да биде здрава, во сребреникавосива до зеленикава, а не темнозелена боја. Миризбата е ароматична, својствена на далматинската жалфија, а вкусот е слабо ароматичен, горчлив и малку тежок. Не смее да содржи никакви туѓи примеси ниту туѓа миризба.

Член 5

Листот од жалфија се пакува во пресувани бали со димензии 79 X 49 X 40 cm, со отстапување од + 4 cm. Балите мораат да бидат обвиени со нова јутена ткаенина и поврзани со три реда челични „циклоп" ленти. Бруто тежина на балата е 50 kg. Листот на далматинската жалфија може да се пакува и непресувано во вреќи ако во една пратка не се отпраќаат повеќе од 500 kg.

Гребената, сечената и меленатa жалфија се пакува во вреќи со бруто тежина од 30 до 50 kg, со тоа што вреќите мораат да бидат изедначени по тежината (егализирани).

На балите мораат да бидат испишани со неизбришива боја и со латиница следните ознаки:

1) заштитен знак на далматинската жалфија;
2) product of Yugoslavia;
3) Dalmatian Sage Leaves;
4) бруто/нето тежина;
5) реден број.

Вреќите со жалфија мораат да носат исти ознаки како и балите, освен ознаките од точ. 1 и 3 став 3 на овој член.

За жалфија извозникот мора да има и посебно уверение за нејзиното потекло, што, на барање од извозникот, го издава надлежната стопанска комора.

Член 6

Далматинската жалфија може да се транспортира со сите транспортни средства и да се товари до носивоста на транспортното средство.

Ако жалфијата се отправа во денковни пратки, во вагони и други транспортни средства во кои е натоварена жалфија, не смеат да се товарат други стоки што би можеле штетно да влијаат врз квалитетот на жалфијата.

Балите и вреките со далматинска жалфија мораат во транспортното средство да бидат сложени во правилни редови за да се држат цврсто меѓу себе и за време на транспортот да не се поместуваат од своето место и со тоа да предизвикуваат оштетување на стоките.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 2588/2
13 јули 1976 година
Белград

Сојузен секретар
за пазар и цени
Имер Пуља, с. р.

534.

Врз основа на член 75 став 4 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/72 и 18/76), Сојузниот комитет за труд и вработување, во спогодба со Сојузниот комитет за прашања на борците и воените инвалиди, по претходно прибавено мислење од Сојузниот одбор на Сојузот на здруженијата на борците на Народноослободителната војна на Југославија и со Сојузот на заедниците на пензиското и инвалидското осигурување на Југославија, пропишува

УПАТСТВО

ЗА ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИОТ СТАЖ ВО СМИСЛА НА ЧЛЕН 75 СТ. 2 И 3 ОД ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

1. Постапката за утврдување на посебниот стаж во смисла на член 75 ст. 2 и 3 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување — (во натамошниот текст: ЗОППИО) може да се поведе само врз основа на потврда од претседателството на општинскиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците на Народноослободителната војна (во натамошниот текст: СЗБНОВ) дека постојат услови за утврдување на тој стаж (во натамошниот текст: потврда на СЗБНОВ).

Постапка за утврдување на посебниот стаж од став 1 на оваа точка (во натамошниот текст: боречкиот стаж) може да се поведе на барање на учесник на Народноослободителната војна (во натамошниот текст: борец на НОВ) сето време од стапувањето во Народноослободителната борба (во натамошниот текст: НОБ), односно од почетокот на активната и организирана работа за НОБ до 15 мај 1945 година (член 35 од ЗОППИО), да му се засмета во пензиски стаж во двојно траење, според член 75 став 1 од ЗОППИО, а во согласност со одредбите на член 140 од Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/64, 56/65, 14/66, 1/67, 18/67, 31/67, 54/67, 17/68, 32/68, 55/68, 11/69, 56/69, 47/70, 60/70, 15/71, 16/71 и 60/71) — (во натамошниот текст: ОЗЗПО).

Постапка може да се поведе само на барање од борец на НОВ кој првпат бара утврдување на боречкиот стаж, односно на кого поранешното барање му е отфрлено, или одбиено поради тоа што не го поднел во законски рок.

2. Постапка за утврдување на боречкиот стаж може да се поведе на барање од заинтересираните членови на семејството (член 26 од ЗОППИО) на умрен борец на НОВ кој до својата смрт не поднесувал барање за утврдување на боречкиот стаж, односно на кого поранешното барање му е отфрлено, или е одбиено поради тоа што не го поднел во законски рок.

3. Лицето што бара потврда од СЗБНОВ поднесува писмено барање до општинскиот одбор на СЗБНОВ на општината на чија територија борецот на НОВ активно и организирано работел во НОБ, односно каде претежно работел, ако таа активност се одвивала на територија на повеќе општини.

Ако се бара издавање потврда за времето поминато во состав на вооружените единици на НОБ, барањето се поднесува до општинскиот одбор на СЗБНОВ на општината на чија територија борецот на НОВ имал живеалиште пред стапувањето во вооружена единица.

Ако активната и организирана работа за НОВ се одвивала во затвори, логори и интернација, односно во логори на политички интернирци (член 140 став 1 точ. 3 и 4 од ОЗЗПО), барањето се поднесува до општинскиот одбор на СЗБНОВ на општината на чија територија тоа лице е уапсено, односно од чија територија е интернирано, а ако таквата работа се одвивала во логори за воени заробеници (член 140 став 1 точка 4 од ОЗЗПО) — до општинскиот одбор на СЗБНОВ на општината на чија територија таквото лице има живеалиште.

Во барањето за издавање потврда на СЗБНОВ треба точно да се назначи времето за кое се бара да се засмета во боречки стаж, задачите што борецот на НОВ ги извршувал, во кое својство, по чија наредба, и слично. Кон барањето треба да се поднесат и писмени изјави од сведоците што во назначените периоди раководеле со Народноослободителното движење (во натамошниот текст: НОД) на определена територија, и на кои им е позната работата за НОД на борецот на НОВ, како и други докази за учеството на борецот на НОВ во НОБ. Идентитетот на давачот на изјавата мора да биде заверен од надлежниот орган.

4. Претседателството на општинскиот одбор на СЗБНОВ ги проверува наводите од барањето, приложената документација и документацијата со која одборот располага (партиска биографија, списоци и сл.) и ги консултира раководителите на НОД од тоа подрачје, а по потреба и здружението на борците, за учеството на борецот на НОВ во НОБ и за степенот и континуитетот на неговата активност во НОБ.

Ако активноста на борецот на НОВ се одвивала на територија на повеќе општини (точка 3 став 1), претседателството на општинскиот одбор на СЗБНОВ, пред издавањето на потврдата од СЗБНОВ, ќе прибави потврди од претседателствата на општинските одбори на СЗБНОВ на сите општини на кои се одвивала активноста на борецот на НОВ, за периодот во кој таа активност се одвивала на нивната територија.

Во случаите од точка 3 став 3 на ова упатство, претседателството на општинскиот одбор на

СЗБНОВ, пред издавање на потврдата на СЗБНОВ, ќе прибави мислење од соодветната комисија на бившите воени заробеници, односно од комисијата на бившите интернирци при републичките одбори на СЗБНОВ.

5. Врз основа на поднесените и присобраните докази и другите сознанија, претседателството на општинскиот одбор на СЗБНОВ на седница ја оценува целокупната активност во НОБ на борецот на НОВ и одлучува за издавањето на потврдата на СЗБНОВ.

6. Ако претседателството на општинскиот одбор на СЗБНОВ оцени дека постојат услови за утврдување на боречкиот стаж во смисла на точка 1 од ова упатство, му издава за тоа на подносителот на барањето потврда на СЗБНОВ.

Потврдата на СЗБНОВ содржи:

а) име, име на татково, презиме, место и датум на раѓањето на борецот на НОВ за кого се издава потврдата;

б) датум на седницата на претседателството на општинскиот одбор на СЗБНОВ на која е донесена одлуката за издавање на потврдата;

в) околностите од кои произлегува дека активноста на борецот на НОВ за кого се издава потврдата имала карактер на континуирана, активна и организирана работа за НОБ, односно на припадноста на вооружените единици на НОБ до 15 мај 1945 година;

г) мислењата на раководителите на НОД од точка 4 на ова упатство и другите сознанија што биле од влијание за издавање на потврдата;

д) времето поминато во НОБ до 15 мај 1945 година за кое претседателството на општинскиот одбор на СЗБНОВ смета дека постојат услови за засметување во боречки стаж.

Општинскиот одбор на СЗБНОВ води посебен деловник за поднесените барања и издадените потврди на СЗБНОВ.

7. Ако претседателството на општинскиот одбор на СЗБНОВ оцени дека не се исполнети условите за издавање потврда на СЗБНОВ, ќе го извести за тоа писмено подносителот на барањето.

Потврдата на СЗБНОВ, односно известувањето од став 1 на оваа точка, немаат својство на управен акт и против нив не може да се изјави жалба.

8. Врз основа на потврдата на СЗБНОВ, заинтересираното лице поднесува барање за утврдување на боречкиот стаж до органот на заедницата на пензиското и инвалидското осигурување кај која борецот на НОВ е осигурен, односно кај која последен пат бил осигурен (член 60 од ЗОППИО). Ако борецот на НОВ не бил осигурен, барањето се поднесува до органот на заедницата на пензиското и инвалидското осигурување надлежен според местото на живеалиштето на подносителот на барањето.

9. Во спроведувањето на постапката за утврдување на боречкиот стаж според одредбите на ова упатство, надлежниот орган на заедницата на пензиското и инвалидското осигурување нема да бара мислење од СЗБНОВ (член 177 став 1 од ОЗЗПО), ако резултатот на изведените докази не е во спротивност со потврдата на СЗБНОВ.

Еден примерок од решението по барањето за утврдување на боречкиот стаж органот на заедницата од став 1 на оваа точка доставува до претседателството на општинскиот одбор на СЗБНОВ што ја издал потврдата на СЗБНОВ.

10. Одредбите на точ. 1 до 9 од ова упатство согласно се применуваат и врз учесниците на народноослободителното движење на Грција — југословенски државјани што во смисла на член 46 од ЗОППИО во поглед на правата се изедначени со борците на НОВ.

Потврдата на СЗБНОВ за лицата од став 1 на оваа точка ја издава посебна комисија на Републичкиот одбор на СЗБНОВ на Македонија.

11. Одредбите на ова упатство во поглед на издавањето на потврдата на СЗБНОВ не се однесуваат на лицата што имаат можност боречкиот стаж да го докажуваат во обнова на постапката според важечките прописи.

12. Потврдите што не се издадени според одредбите на ова упатство не можат да служат како основа за поведување постапка за докажување на боречкиот стаж (член 75 од ЗОППИО).

13. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

07 бр. 773/1
29 јуни 1976 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
труд и вработување,
Светозар Неповски, с. р.

535.

Врз основа на чл. 16 и 62 точка 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/72 и 36/75), во врска со одредбите на точка 3.3.6.3. од Резолуцијата за заедничката политика на економскиот и социјалниот развој на Југославија во 1976 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/75) и точка 9 од Основите на заедничката кредитно-монетарна политика во 1976 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76 и 26/76), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА КРЕДИТОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТЕКОВНАТА ЛИКВИДНОСТ ОД СРЕДСТВАТА НА ПРИМАРНАТА ЕМИСИЈА ВО 1976 ГОДИНА

1. Деловните банки можат во 1976 година да користат кредити за обезбедување на тековната ликвидност од средствата на примарната емисија кај Народната банка на Југославија, преку народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, до височината и под условите што се предвидени со оваа одлука.

2. Под деловна банка, во смисла на оваа одлука, се подразбира деловна банка, односно деловна единица на банка што ги исполнува условите предвидени во точ. 2 и 3 на Одлуката за мерките за спроведување на кредитната политика во 1976 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/76, 24/76 и 33/76).

3. Кредитите од точка 1 на оваа одлука деловните банки можат да ги користат:

1) врз основа на хартии од вредност определени со Основите на заедничката кредитно-монетарна политика во 1976 година;

2) врз основа на бескаматни краткорочни заеми дадени на овластените менувачи за вршење на менувачки работи.

4. Кредитот од точка 3 одредба под 1 на оваа одлука деловната банка може да го користи привремено, а најмногу 10 работни денови во месецот, и тоа:

1) врз основа на благајнички записи на Народната банка на Југославија — до износот на номиналната вредност на тие записи;

2) врз основа на обврзници на федерацијата издадени во смисла на Законот за издавање обврзници на федерацијата во 1975 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/74 и 60/75) — до височината од 50% од номиналната вредност на тие обврзници;

3) врз основа на обврзници на федерацијата издадени во смисла на Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1976 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/75), врз основа на кои деловните банки им ги дале кредитите на организациите на здружен труд за намените од тој закон — до височината од 25% од износот на дадените кредити врз основа на тие обврзници;

4) врз основа на обврзници на федерацијата издадени во смисла на Законот за регулирање на обврските на федерацијата по основа на курсните разлики („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/72, 71/72, 12/73 и 71/73) — до височината од 25% од номиналниот износ на обврзниците што втасуваат во рок до една година од денот на користењето на кредитот;

5) врз основа на обврзници на републиките и автономните покраини, како и обврзниците во поглед на кои републиките, односно автономните покраини со закон презеле обврска да ги амортизираат — до височината од 50% од номиналниот износ на обврзниците што втасуваат во рок до 6 месеци од денот на користењето на кредитот;

6) врз основа на меници со рок на втасаност до 90 дена што деловните банки ги есконтирале од организациите на здружен труд што немаат непокриени загуби и ги исполнуваат и другите пропишани услови на кредитната способност — до височината од 50% од номиналниот износ на запишаните благајнички записи на Народната банка на Југославија.

5. Кредитот од точка 3 одредба под 2 на оваа одлука деловната банка може да го користи како бескаматен кредит до износот на дадените бескаматни краткорочни заеми на менувачите за вршење на менувачки работи.

Деловната банка може кредитот од став 1 на оваа точка да го користи ако своето работење со лоро-чекови и со ефективна странска валута го врши во согласност со важечките прописи.

6. Технички упатства за спроведување на оваа одлука дава Народната банка на Југославија.

7. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат Одлуката за кредитот за тековната ликвидност од средствата на примарната емисија во 1976 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/76 и 26/76) и Одлуката за користење на кредитот за тековната ликвидност од средствата на примарната емисија („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/76) и упатствата што Народната банка на Југославија ги донела за нивното спроведување.

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 59
21 јули 1976 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите,
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
Бранислав Чолановиќ, с. р.

536.

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/72 и 36/75), во врска со одредбата на одделот 3 од Резолуцијата, за заедничката политика на економскиот и социјалниот развој на Југославија во 1976 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/75) и точка 7 од Основите на заедничката кредитно-монетарна политика во 1976 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕРКИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1976 ГОДИНА

1. Во Одлуката за мерките за спроведување на кредитната политика во 1976 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/76, 24/76 и 33/76) во точка 6 став 3 се менува и гласи:

„Кредитите од одредбите под 2 и 8 на став 2 од оваа точка можат овдастените банки да ги користат и за краткорочно кредитирање на извозот во рамките на кредитните аранжмани склучени со банките од земјите во кои се врши извозот."

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 58
21 јули 1976 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите,
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
Бранислав Чолановиќ, с. р.

537.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

СПОГОДБА
ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ГРАМОФОНСКИ ПЛОЧИ, МАГНЕТОФОНСКИ КАСЕТИ И ДРУГИ НОСАЧИ НА ЗВУК

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 28 март 1976 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за грамофонски плочи, магнетофонски касети и други носачи на звук, со тоа што производителските организации на здружен труд да можат да ги усогласат, односно да ги зголемат своите затечени продажни цени, при условите на продажбата, што се наведени во Спогодбата, во просек до 15%, а според Ценовникот што е составен дел на Спогодбата.

Цените од став 1 на оваа точка важат како цени во продажбата на мало, без данок на промет.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 1198 од 20 јули 1976 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „Алта" — Загреб, „Сузи" — Загреб, „Студио Б" — Белград, Радио-телевизија — Љубљана, „Дискос" — Александровац-Жупа, „Београд-Диск" — Белград, Радио-телевизија — Белград и „Југотон" — Загреб.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 22 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

538.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

СПОГОДБА

ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА КВАРЦЕН ПЕСОК ЗА СТАКЛАРСКАТА И ЛЕАРСКАТА ИНДУСТРИЈА

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 26 декември 1975 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за кварцен песок за стаклар-ската и леарската индустрија, со тоа што производителските организации на здружен труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, така што највисоките продажни цени за одделни видови кварцен песок да изнесуваат, и тоа:

	Дин/t
1) стакалрски песок:	
„Ваљево" и „Рготина"	117,60
„Ново Место"	162,00
2) леарски песок:	
„Ваљето" и „Рготина"	95,80
„Домжале"	132,00
3) сушен кварцен песок:	
„Ваљево", Рготина" и „Домжале"	246,40

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите, што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 1501 од 9 јули 1976 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од денот што е утврден во Спогодбата.

Претставници на производителите: Рудник кварцног песка — Рготина, „Ваљево" — Ваљево, „Кремен" — Ново Место и „Термит" — Домжале.

Претставници на купувачите-потрошувачи: Српска фабрика стакла — Параќин, Индустрија стакла — Панчево, ФОБ — Белград, Индустрија мотора — Раковица, Железарна — Равне, Железара — Никшиќ, „Радијатор" — Зрењанин, „Победа" — Нови Сад, „Галеника" — Земун, „Иво Лола Рибар" — Железник, „ФАГРАМ" — Смедерево, „БЕЛТ" — Чрномељ, „Литострој" — Љубљана, Железара — Смедерево, „Јастребац" — Ниш и „14 Октобар" — Крушевац.

539.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

СПОГОДБА

ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ПРОТИВПОЖАРНИ АПАРАТИ И ЗА НИВНИ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 27 април 1976 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за противпожарни апарати и за нивни резервни делови, со тоа што производителските организации на здружен труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, до 9%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите, што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 1549 од 21 јули 1976 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „Пастор" — Загреб и „Ватроспрем" — Белград.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 4 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

УКАЗИ

Врз основа на член 337 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателот на Републиката донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ГАМБИЈА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ГАМБИЈА

I

Се отповикува

Ацо Шопов од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Гамбија.

II

Се назначува

Јусуф Келменди, извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Сенегал, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Гамбија, со седиште во Дакар.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У бр. 16
5 јули 1976 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 43 од Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/71, 54/71, 67/72, 21/74 и 24/76), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ПОМОШНИК-ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНАТА УПРАВА ЗА ЦАРИНИ

Се разрешава од должноста помошник-директор на Сојузната управа за царини Милан Шуштар, поради заминување на друга должност.

Е. п. бр. 537
30 јуни 1976 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

Врз основа на член 43 од Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/71, 54/71, 67/72, 21/74 и 24/76), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК-ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ИНФОРМАЦИИ

За помошник-претседател на Сојузниот комитет за информации се назначува Тихомир Стефановиќ, раководител на Групата за информирање на југословенската јавност во Сојузниот комитет за информации.

Е. п. бр. 536
30 јуни 1976 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

СОДРЖИНА:

Страна

524. Уредба за измена на Уредбата за општите услови за давање потрошувачки кредити 877
525. Одлука за престанување на работата на Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за законодавни и правни работи и за почетокот на работата на Сојузниот комитет за законодавство — — — — — 877
526 Одлука за Единствената класификација на дејностите — — — — — — — — 877
527. Одлука за усогласување на просторните и урбанистичките планови со потребите на народната одбрана и заштитата од воени дејства — — — — — — — — — 908
528 Одлука за дополнение на Одлуката за определување на земјоделските и прехранбените производи и на нивните преработки што подлежат на контрола на квалитетот во надворешнотрговскиот промет — 910
529. Решение за дополнение на Решението за ослободување од обврската за полагање депозит на определени организации на здружен труд во СР Хрватска при инвестициони вложувања во објекти на комуналното стопанство — — — — — — 910
530. Решение за ослободување од обврската за полагање депозит на определени организации на здружен труд при инвестициони вложувања во нестопански и непроизводни инвестиции во САП Војводина — — 910
531. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Katoliški glas" — 911
532. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Süddeutsche zeitung" — — — — — — — — — — 911
533. Правилник за квалитетот на далматинската жалфија наменета за извоз — — 911
534. Упатство за постапката за утврдување на посебниот стаж во смисла на член 75 ст. 2 и 3 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување 912
535. Одлука за кредитот за обезбедување на тековната ликвидност од средствата на примарната емисија во 1976 година — — — 913
536. Одлука за измени на Одлуката за мерките за спроведување на кредитната политика во 1976 година — — — — — 914
537. Спогодба за промена на затечените цени за грамофонски плочи, магнетофонски касети и други носачи на звук — — — 914
538. Спогодба за промена на затечените цени за кварцен песок за стакларската и леарската индустрија — — — — — — 915
539. Спогодба за промена на затечените цени за противпожарни апарати и за нивни резервни делови — — — — — — 915
Укази — — — — — — — — — — — 915
Назначувања и разрешувања — — — — 916

Издавач: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ" Белград, Јована Ристиќа 1 Пошт. фах. 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Мановиќ. Улица Јована Ристиќа бр 1. — Печати Београдски издавачко-графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр 17